Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22), и член 10, ставови (6) и (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 мај 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-155/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.184/22) на Друштвото за производство услуги и трговија на големо и мало ПП ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, се продолжува до 7 јуни 2032 година (десет години од денот на правосилност на одобрението за градење).
2. Ова решение да се достави до Друштвото за производство услуги и трговија на големо и мало ПП ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство услуги и трговија на големо и мало ПП ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп согласно член 10 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 21 мај 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за термоелектроцентралата на биогас „ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА 3“, заведено под архивски број УП1 бр. 08-155/22 од 21 мај 2024 година.

Друштвото за производство услуги и трговија на големо и мало ПП ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.50 Прилеп е носител на Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-155/22 за термоелектроцентралата на биогас „ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА 3“ со планирана моќност од 999 kW и со локација на КП 207-дел и КП 212-дел КО Ново Лагово, ГП 02.3 од УП со план за парцелација за ГП02 од УПВМН, за изградба на Г1.8-термоелектрична централа на биогориво (Е2-комунална супраструктура-градби за производство на енергија), КО Ново Лагаво, општина Прилеп УП1 бр. 08-155/22 од 15 август 2022 година, со важност до 7 јуни 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 184/22).

Во Барањето за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-155/22 од 21 мај 2024 година е наведено дека се бара продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител до 8 јуни 2032 година, односно десет години од денот на правосилноста на Одобрението за градење за термоелектрична централа на биогориво до 1MW (градба од втора категорија), на КП 207-дел и КП 212-дел КО Ново Лагово, ГП 02.3 од УП со план

за парцелација за ГП02 од УПВМН, за изградба на Г1.8-термоелектрична централа на биогориво (Е2-комунална супраструктура-градби за производство на енергија), КО Ново Лагаво, општина Прилеп, издадено од Општина Прилеп, со број УП бр.10-721/2 од 11 мај 2022 година, со правосилност од 7 јуни 2022 година. Дополнително е наведено дека во прилог на барањето се доставуваат и Известување за започнување на градежни работи доставено до Државниот инспекторат за труд бр.10-7/20 од 21 мај 2024 година и Известување за започнување со градење доставено до Општина Прилеп бр.10-821/1 од 15 март 2024 година, што е доказ за исполнување на наведениот услов од Одобрението за Градење, односно одобрението за градење не престанува да важи затоа што градбата е отпочната во законски предвидениот рок.

Согласно член 9 став (4) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, носителот на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител кој поседува одобрение за градење за електроцентралата или друг документ издаден согласно прописите од областа на градењето за електроцентралата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да го достави писменото известување за започнување на изградба доставено до надлежниот орган од членот 58 од Законот за градење, градежната инспекција и инспекцијата на труд, пред започнувањето на изградбата.

Согласно член 10 став (4) точка 3 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, кон барањето за продолжување на важност барател е должен да достави документ како доказ за продолжување на рокот за пуштање на електроцентралата во употреба.

Регулаторна комисија за енергетика при донесувањето на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр. 08-155/22 за термоелектроцентралата на биогас „ГРЕЕН ЕНЕРГИЈА 3" ја утврди важноста на решението имајќи ја предвид правосилноста на одобрението за градење (7 јуни 2022 година) и член 8 став (1) точка 2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, а во која е наведено дека рокот во кој електроцентралата треба да биде пуштена во употреба се утврдува да изнесува за термоелектроцентрала на биогас 3 (три) години од денот на правосилност на одобрение за градење за електроцентралата, или друг документ издаден согласно прописите од областа на градењето за електроцентралата.

Имајќи го во предвид го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека друштвото во рок од две години од денот на правосилноста наведена во одобрението за градење, постапило согласно членот 58 од Законот за градење, односно одобрението за градење не престанува да важи и истото согласно прописите од областа на градењето има важност од десет години и одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 08-155/22**
**27 мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**